**1. Предметни програми со информации согласно со членот 4 од Правилникот за содржина на студиските програми ("Службен весник на Република Македонија", бр.79/2023)**

Ред. број 1 Стратегиски менаџмент за одржлив развој

| **Прилог бр.3** | | **Предметна програма од втор циклус на студии** | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Наслов на наставниот предмет | Стратегиски менаџмент за одржлив развој | | | |
| 2. | Код | БАС-21СМОР | | | |
| 3. | Студиска програма | Стратегиски менаџмент за одржлив развој | | | |
| 4. | Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел) | Бизнис академија Смилевски – БАС, Скопје | | | |
| 5. | Степен (прв, втор, трет циклус) | Втор циклус на студии | | | |
| 6. | Академска година / семестар | Година | прва | семестар | прв |
| 7 | Оптовареност со предметот изразена во ЕКТС кредити | 6 ЕКТС | | | |
| 8. | Наставник (во случај на повеќе наставници назначен одговорен наставник) | Проф. д-р Лидија Стефановска (одговорен наставник)<br>Виш пред. м-р Горазд Смилевски | | | |
| 9. | Јазик на кој се изведува наставата | Македонски | | | |
| 10. | Неопходни предуслови за слушање и полагање на предметот | / | | | |
| 11. | Цели на предметната програма (компетенции) и резултати од учењето: | **Цели на предметната програма:**<br>• Разбирање на основните принципи на стратегиски менаџмент и нивна еволуција во контекст на одржливиот развој;<br>• Развивање способност за напредна стратешка анализа на надворешното и внатрешното опкружување, со посебен фокус на ESG факторите;<br>• Овозможување разбирање и практична примена на методи за мерење и известување за ESG перформанси, како и формулирање на ефективни стратегии за одржлив развој;<br>• Развивање компетенции за успешно менаџирање на имплементацијата на стратегии за одржлив развој, вклучувајќи ги иновациите, технолошкиот напредок и одржливите бизнис модели;<br>• Идентификување и анализира на метриките и индикаторите за одржливост, вклучувајќи ги ESG рејтинзите, и примена на балансирани показатели за евалуација на стратегиите;<br>• Разбирање на важноста на транспарентноста и отчетноста во контекст на одржлив развој, преку анализа на најдобри практики во известувањето за одржливост.<br><br>**Резултати од учењето:**<br>По успешното завршување на предметот, студентите ќе бидат способни да: | | | |

| | | |
|---|---|---|
| | | • Ги дефинираат основите на стратегискиот менаџмент и неговото еволуирање кон одржлив развој, вклучувајќи ги принципите, фазите и важноста на стратегиското размислување во контекст на бизнис и општествени промени;<br>• Ги идентификуваат глобалните трендови и рамки за одржлив развој, како и интеграцијата на економските, социјалните и еколошките димензии во стратегиите на компаниите и нивното влијание на бизнис стратегиите;<br>• Да ги применуваат напредните алатки и методологии за анализирање на надворешно и внатрешно опкружување, со посебен фокус на ESG факторите и анализата на засегнатите страни за да се донесат балансирани одлуки;<br>• Применат вештини за формулирање на стратегии за одржлив развој, вклучувајќи дефинирање на визија, мисија и цели и примената на различни бизнис модели како кружна и зелена економија во стратегиите на компанијата;<br>• Ги применуваат методите за контрола и евалуација на ESG стратегиите, како што се Тројната линија на резултати (Triple Bottom Line), за мерење и оценување на перформансите на организациите во однос на одржливоста;<br>• Да менаџираат имплементација на стратегии за одржлив развој, вклучувајќи аспекти како организациона структура, култура, лидерство, ресурси и технологии, како и важноста на иновациите за остварување на овие стратегии;<br>• Ја применуваат Балансираната картичка со резултати (Balanced Scorecard) и да ја користат за оценување на перформансите на стратегиите за одржлив развој.;<br>• Практикуваат транспарентно известување за одржливост и оптимизираат стратегии за одржлив развој врз основа на резултатите од евалуацијата, што ќе помогне во долгорочна одржливост и конкурентност на компаниите. |
| 12. | Детална содржина на предметот по поглавја и единици со резултатите од учење за секое поглавје | Поглавје 1: ОСНОВИ НА СТРАТЕГИСКИ МЕНАЏМЕНТ И ЕВОЛУЦИЈА КОН ОДРЖЛИВОСТ<br>1.1 Основи на стратегиски менаџмент и еволуција кон одржливост;<br>1.2 Глобални трендови и рамки за одржлив развој (ЦОР);<br>1.3 Интеграција на економски, социјални и еколошки димензии во стратегијата;<br>1.4 Вовед во ESG: принципи, значење и практична примена.<br><br>*Резултати од учење:*<br>*Студентите ќе ги разберат основите на стратегискиот менаџмент, ќе умеат да го дефинираат и да ги препознаат неговите фази, исто така ќе го усвојат начинот на стратегиско размислување.*<br>*Ќе ја разберат еволуцијата на стратегискиот менаџмент во контекст на одржливоста и ќе ги разберат глобалните трендови и цели за одржлив развој.*<br>*Студентите ќе научат како да интегрираат економски, социјални и еколошки димензии во стратегиите, користејќи современи теориски концепти како кружната економија и син раст.* |

| | | |
|---|---|---|
| | | *Ќе ги разберат ESG принципите и нивната примена во стратегиското донесување одлуки за одржлив развој.*<br><br>Поглавје 2: СТРАТЕГИСКА АНАЛИЗА И ФОРМУЛИРАЊЕ НА ESG СТРАТЕГИИ<br>2.1 Напредни алатки за анализа на надворешно и внатрешно опкружување (вклучувајќи ESG фактори);<br>2.2 Анализа на засегнати страни и нивно влијание врз ESG стратегиите;<br>2.3 Формулирање на стратегии за одржлив развој: визија, мисија, цели, типови стратегии;<br>2.4 Корпоративна социјална одговорност, интеграција на CSR во организациските стратегии.<br><br>*Резултати од учење:*<br>*Студентите ќе развијат вештини за користење на напредни алатки за анализа на надворешното и внатрешното опкружување, вклучувајќи SWOT, PESTEL, со фокус на ESG факторите.*<br>*Ќе научат како да извршат длабинска анализа на засегнатите страни (стејкхолдерите) и нивното влијание врз ESG стратегиите, како и важноста на балансирање на интересите на различни засегнати страни.*<br>*Студентите ќе се стекнат со вештини за формулирање стратегии за одржлив развој, вклучувајќи дефинирање на визија, мисија и цели, и разбирање на глобалните трендови и примери на успешни стратегии.*<br><br>Поглавје 3: ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА СТРАТЕГИИ ЗА ОДРЖЛИВ РАЗВОЈ<br>3.1 Менаџирање на имплементацијата: структура, култура, лидерство, ресурси;<br>3.2 Важност на технологијата и иновациите за одржлив развој;<br>3.3 Одржливи бизнис модели: кружна економија, зелена економија;<br>3.4 Синџири на снабдување и одржливи операции.<br><br>*Резултати од учење:*<br>*Студентите ќе развијат вештини за менаџирање на имплементацијата на стратегии за одржлив развој, вклучувајќи анализа на структурата, културата, лидерството и ресурсите потребни за успешна имплементација. Тие ќе научат како организационата култура влијае врз одржливоста и ќе ја оценуваат потребната инфраструктура за спроведување на стратегии. Студентите ќе ги истражат улогата на технологијата и иновациите во имплементацијата на стратегии за одржлив развој, како и примената на одржливи бизнис модели како кружната и зелената економија. Дополнително, тие ќе стекнат знаење за управувањето со синџирите на снабдување и одржливите операции во компаниите.*<br><br>Поглавје 4: КОНТРОЛА НА ESG СТРАТЕГИИ<br>4.1 Поим за контрола за евалуација на стратегиите за одржлив развој;<br>4.2 Методи за контрола и евалуација на ESG стратегиите, тројна линија на резултати (Triple Bottom Line);<br>4.4 Балансирани показатели, примена на Balanced Scorecard (балансирана картичка со резултати);<br>4.5 Транспарентност и отчетност: известување за одржливост; Адаптирање и оптимизирање на стратегијата врз основа на резулатите од евалуацијата; |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | *Резултати од учење:*<br>*Студентите ќе научат како да ги применат методите за контрола и евалуација на ESG стратегиите, користејќи концепти како Тројната линија на резултати (Triple Bottom Line) за мерење на економски, еколошки и социјални аспекти.*<br>*Ќе ја разберат важноста на балансираните показатели (Balanced Scorecard) и како да ги користат за оценување на перформансите на стратегиите за одржлив развој.*<br>*Студентите ќе научат за транспарентност и отчетност во известувањето за одржливост, како и како да го адаптираат и оптимизираат стратегискиот пристап врз основа на резултатите од евалуацијата.*<br>*Ќе развијат вештини за прилагодување на стратегиите за одржливост во согласност со резултатите од контролните механизми.* | | |
| 13 | Заемна поврзаност на предметите | Стратегиско водство<br>Менаџмент на промени и организациска отпорност | | |
| 14. | Детален опис на наставните и работните методи за предметот | Наставата по предметот Стратегиски менаџмент за одржлив развој се реализира преку комбинација на интерактивни предавања, практични вежби, студии на случај и индивидуална и групна работа, со цел да се овозможи сеопфатно разбирање на современите концепти и практики во областа на стратегискиот менаџмент и одржливиот развој.<br>Предавањата се организираат во форма на интерактивна настава каде што студентите се активно вклучени преку дискусии, прашања и мултимедијални презентации. Овој метод овозможува стекнување на теоретски знаења, но и нивна примена преку анализа на актуелни предизвици во областа.<br>Практичните вежби имаат за цел да ги зајакнат компетенциите на студентите преку симулации, решавање на конкретни задачи и примена на концептите во реални работни сценарија. Преку индивидуални и тимски активности, студентите развиваат аналитички и истражувачки способности, како и практични вештини за решавање на проблеми.<br>Студиите на случај се користат како алатка за подобро разбирање на менаџерските предизвици во реалниот сектор. Преку анализирање на конкретни примери од деловната пракса, студентите развиваат критичко размислување и учат како да ги применат стекнатите знаења за идентификување и решавање на проблеми во областа на стратегискиот менаџмент за одржлив развој.<br>Индивидуалната и групната работа се важен дел од наставниот процес, бидејќи поттикнуваат активно учење, соработка и комуникациски вештини. Студентите имаат можност да работат на самостојни истражувања, како и да презентираат решенија за конкретни предизвици поврзани со стратегискиот менаџмент за одржлив развој.<br>Со примена на овие наставни и работни методи, студентите се стекнуваат со применливо знаење, критичко размислување и практични вештини потребни за стратегискиот менаџмент за одржлив развој. | | |
| 15. | Вкупен расположив фонд на време | 162 (6x27) | | |
| 16. | Форми на наставните активности | 16.1. | Предавања- теоретска настава. часови | 30 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | 16.2. | Вежби (лабораториски, аудиториски), семинари, тимска работа: часови | 30 |
| | | 16.3. | Пракса: часови | / |
| 17. | Други форми на активности | 17.1. | Проектни задачи: часови | 15 |
| | | 17.2. | Самостојни задачи: часови | 45 |
| | | 17.3. | Домашно учење - задачи | 42 |
| 18 | Услови за потпис | Реализирани активности од точка 16 и 17 | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 19 | Начин на оценување | | |
| | 19.1. | Присуство и активност | 30 |
| | 19.2. | Семинарска работа/проект, презентација писмена и усна: бодови | 20 |
| | 19.3. | Завршен испит: бодови | 50 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 20 | Критериуми за оценување (бодови/ оценка) | до 50 бода | 5 (пет) (F) |
| | | 51 х до 60 бода | 6 (шест) (E) |
| | | 61 х до 70 бода | 7 (седум) (D) |
| | | од 71 до 80 бода | 8 (осум) (C) |
| | | од 81 до 90 бода | 9 (девет) (B) |
| | | од 91 до 100 бода | 10 (десет) (A) |
| 21. | Метод на следење на квалитетот на наставата | • Евалвации од студентите: Редовно спроведување на евалвации за оценување на наставниот процес, со фокус на содржината на предметот, методите на предавање, комуникацијата со студентите и јасноста на наставниот материјал.<br>• Самоевалвација на наставниците: Наставниците вршат самооценка на своето предавање, оценувајќи ги своите методи на наставата, нивната ефективност и областите за подобрување.<br>• Набљудување на наставата: Редовно набљудување на часовите од страна на колеги или менаџери за квалитет, со цел да се оценат методите на предавање и интеракцијата со студентите.<br>• Постигнување на образовни цели и резултати: Анализа на академските резултати на студентите, како и нивните вештини и способности што ги стекнале, во контекст на учењето.<br>• Меѓународни акредитации и стандарди: Применување на меѓународни стандарди за квалитет во образованието и вршење на редовни проверки преку акредитации и оценки од надлежни институции. | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 22. | Литература | | | | | |
| | 22.1. | Задолжителна литература | | | | |
| | | Ред. број | Автор | Наслов | Издавач | Година |
| | | 1. | Стефановска Л., Смилевски Г. | Стратегиски менаџмент и одржлив развој | Бизнис академија Смилевски - БАС | 2024 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 2. | Manuel Fischer et al. | Sustainable Business Managing the Challenges of the 21st Century | Springer ISSN 2191-5490 (electronic) | 2023 |
| | | 3. | | | | |
| | 22.2. | Дополнителна литература | | | | |
| | | Ред. број | Автор | Наслов | Издавач | Година |
| | | 1. | Frank T. Rothaermel | Strategic management | Mc Graw Hill LLC | 2024 |
| | | 2. | Лидија Стефановска | Водич за стратегиско планирање | Бизнис академија Смилевски - БАС | 2023 |
| | | 3. | Анита Грозданов Никола Нешкоски Миа Лозановска | Sustainable Development in Practice | UNDP-UNEP Poverty-Environment Action for Sustainable Development Goals | 2023 |